( Образец ПП……)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETEROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | 29-07-2024 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број Numri | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera |
| 03 | 2086/1 | | |

**До: ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**(имател на информацијата)**

## БАРАЊЕ
## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер: Одлука на насловниот орган донесена врз основа на оформен предмет бр.09-4770 од 10.03.2023 година

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго ______________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго ______________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во Скопје __, 29.07.2024 година .** ______________________

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр. / Nr. 03-2086/2
31-07-2024 г./v

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019) Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст: ДКСК) постапувајќи по барање за пристап до информации од јавен карактер бр. 03-2086/1 од 29.07.2024 година, доставено од [redacted] го донесе, следното

## РЕШЕНИЕ

Барањето за пристап до информации од јавен карактер заведен под бр. 03-2086/1 од 29.07.2024 година, доставено од [redacted] СЕ УВАЖУВА.

Бараната информација-документ да се достават до барателот на информацијата на начин наведено во барањето.

Ова решение стапува во сила со денот на донесувањето.

## *Образложение*

Барателот на информацијата, [redacted] до ДКСК преку електронска форма достави барање за пристап до информации од јавен карактер со кое побара: ***„Одлука на насловниот орган донесена врз основа на оформен предмет бр. 09-4770 од 10.03.2023"*.**

Согласно член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" број 12/2019), Државната комисија постапува по предмети оформени по сопствена иницијатива или врз основа на добиени пријави.

По разгледување на барањето се констатираше следното: До ДКСК е доставено барање мислење/пријава од познат подносител и по истата е оформен предмет бр. 09-1417 од 10.03.2023 година. Постапувањето по оформениот предмет е завршен. ДКСК донесе Одлука бр. 09-1417/12 од 29.12.2023 година која согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси е објавена на веб страницата на Државната комисија а до подносителот е доставена преку електронска форма на ден 02.01.2024 година.

ДКСК располага со бараната информација и одлучи до барателот на информацијата да се достави Одлуката бр. 09-1417/12 од 29.12.2023 година на начин наведено во барањето.

Со оглед на ваквата фактичка состојба, а согласно со одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ДКСК одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против ова решение дозволена е жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на истото

**Претседател**
**Татјана Димитровска**

Изготвил: Бурим Абази – Службено лице

Да се достави до:
- подносителот